Службен гласник
на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 13
14 октомври 2020 година

Година LVII

СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 416. | Решение за објавување на Решение за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија на Советот на Општина Штип | 518 |
| 417. | Решение за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија на Советот на Општина Штип | 518 |
| 418. | Решение за објавување на Решение за избор на Вршител на должност градоначалник на Општина Штип | 519 |
| 419. | Решение за избор на Вршител на должност градоначалник на Општина Штип | 519 |
| 420. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за одбележувањето на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја 2018-2022 година | 520 |

| | | |
|---|---|---|
| 421. | Програма за измена и дополнување на Програмата за одбележувањето на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја 2018-2022 година | 521 |
| 422. | Решение за објавување на Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје „Магичен конец“ | 522 |
| 423. | Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје „Магичен конец“ | 522 |

416.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИЗБОР
НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА КАНДИДАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА
СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија на Советот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4751/2 | Општина Штип
14 октомври 2020 година | Заменик градоначалник
Ш т и п | Јане Миланов, с. р.

417.

Врз основа на член 15 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 октомври 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА КАНДИДАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА
СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

1. За претседател и членови на Кандидационата комисија на Советот на Општина Штип, **се избираат**:

1. за претседател:
   - **Сашо Ѓоргиев**

2. за членови:
   - **Слободанка Момчилова**
   - **Верка Деспотова**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4751/1
14 октомври 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

418.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИЗБОР НА
ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решението за избор на Вршител на должност градоначалник на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4752/2
14 октомври 2020 година
Ш т и п

Општина Штип
Заменик градоначалник
Јане Миланов, с. р.

419.

Врз основа на член 54 став 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 октомври 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ШТИП

1. За Вршител на должност градоначалник на Општина Штип, до изборот на нов градоначалник **се избира Јане Миланов**, член на Советот на Општина Штип.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4752/1 | Совет на Општина Штип
14 октомври 2020 година | Претседател
Ш т и п | Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

420.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И
ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО
НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ
СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА 2018-2022 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за одбележувањето на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја 2018-2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4753/2 | Општина Штип
14 октомври 2020 година | Заменик градоначалник
Ш т и п | Јане Миланов, с. р.

421.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 17 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на РМ“ број 66/04, 89/08 и 152/15) и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 19/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 октомври 2020 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА
2018-2022

I

Во Програмата за одбележувањето на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја 2018-2022 („Службен гласник на Општина Штип“ број 04/18) во глава II во точка а) Општина Штип ќе подигне спомен обележја на истакнати личности и настани од минатото, по алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- поставување на спомен обележје „Магичен конец“ во месноста „Кр теќе“ во знак на „борбата за правата на текстилните работници“.

II

Во глава II во точка б) Општина Штип секоја година ќе ги одбележува следните годишнини на значајни настани и личности, во табелата во месец октомври:

- во графата – носител на активноста освен Совет на Општина Штип да се дополни со: „Совет на Општина Штип; „Здружение на граѓани на текстилните, кожарските и чевларските работници „Гласен Текстилец “;

| месец | ден | настан | место | носител на активноста |
|---|---|---|---|---|
| **октомври** | 16 | Ден на текстилните работници | Кр теќе | Здружение на граѓани на текстилните, кожарските и чевларските работници „Гласен Текстилец“ |

III

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4753/1
14 октомври 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

422.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПОДИГАЊЕ,
ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ
НА СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ „МАГИЧЕН КОНЕЦ“

I

Се објавува Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје „Магичен конец“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4754/2 | Општина Штип
14 октомври 2020 година | Заменик градоначалник
Ш т и п | Јане Миланов, с. р.

423.

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за меморијални споменици и спомен обележјата („Службен весник на РМ“ број 66/04, 89/08 и 152/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 октомври 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА
И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ
„МАГИЧЕН КОНЕЦ“

Член 1

Се подига спомен-обележје „Магичен конец“ како симбол на борбата за правата на текстилните работници.

Член 2

Спомен-обележјето ќе се постави на просторот во парк Суитлак, во месноста К'р теке.

Спомен-обележјето ќе биде изработено од мермер со димензии 180x210x10 сантиметри, од академскиот вајар Андреј Митевски.

Член 3

Подигањето на спомен-обележјето ќе се реализира од страна на Здружението на граѓани на текстилните, кожарските и чевларските работници „Гласен Текстилец“-Штип.

Член 4

Средствата за подигање на спомен-обележјето се обезбедени од донации од „Олоф Палме“ Интернационален центар од Шведска и од Владата на Кралството Шведска.

Член 5

Општина Штип ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележјето.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4754/1
14 октомври 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска, с. р.